# ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ - СКОПЈЕ

Студиска програма: **БЕЗБЕДНОСТ И ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА**
Времетраење на студиската програма: **3 години**
ЕКТС кредити: **180**

## Цели на студиската програма

Насоката Безбедност и финансиска контрола ќе профилира кадри кои, во согласност со концептот на модерното универзитетско образование за непосредно поврзување на теоријата и практиката, ќе се стекнат со **знаења и вештини за:**

- современите општествено - економски развојни процеси и перспективи;
- создавањето на капиталот по пат на експлоатација на средствата и трудот и создавањето добивка, профит;
- менаџирање со материјалните и финансиските вредности, со акцент на нивната контрола;
- општествените противречности, конфликти и други облици на деструкции кои го дестабилизираат и рушат политичкиот, економскиот и финансискиот систем преку злоупотреба и различни видови на криминалитет и
- формите и начините за превентивно и репресивно делување со цел попречување и сузбивање на споменатите појави.

**Мисијата** на студиите е научно спознавање и обука во областа Безбедност и финансиска контрола со етаблирање на стандарди и нормативи на Европскиот образовен систем.

**Целите** на овие студии се јасно детерминирани.

**Општата или глобална цел е** следната: да се развие, да се прошири и да се унапреди знаењето од економските, безбедносно-криминалистичките и кривично-правните науки и да се поттикне практичната примена на ваквите знаења.

**Посебната цел** претставува: едуцирање на кадри кои ќе бидат вклучени во реформирањето на финансискиот систем, царинскиот систем, даночниот систем и безбедносниот систем, согласно стандардите на Западноевропските земји, со цел успешно спроведување на Евроатланските интеграции и успешно егзистирање на Р. Македонија во истите (ЕУ, НАТО и друго).

**Потребата** од ваков профил на кадри во Република Македонија е повеќе од актуелна. Многубројните девијантни појави од претходно споменатиот вид, претставуваат една од основните пречки на патот кон Евроинтегрирањето на Р. Македонија. Поставувањето на овие појави во една толерантна рамка претставува императивна задача за надлежните институции во Р. Македонија. Отсуството на соодветен кадар за реализирање на оваа задача е повеќе од очигледно. Недостаток од ваков профил на кадри постои во: Министерство за финансии – Сектор за финансова полиција и Управа за јавни приходи со сите подрачни единици во единиците на локалната самоуправа, Министерство за внатрешни работи – Сектор за стопански криминал, Царинска управа на Република Македонија и сите останати државни институции и стопански субјекти во земјата.

## Резултати од учењето (специфични дескриптори на квалификации)

**знаења и разбирање**

- стекнување знаења за факторите кои влијаат на безбедноста и функционирањето на институциите во безбедносниот сектор;
- знаење за раководење и учество во научни, стручни и апликативни проекти за идентификација и поставување на проблем;
- стекнуваат знаења за примена на методите и техниките за анализа и евалуација на безбедносните процеси, состојби и институции;
- стекнуваат знаења за методите за анализа на причинско-последичните врски помеѓу општествените појавите, процеси и безбедноста;
- стекнување знаења за обврските на националните законодавства и институциите во безбедносниот сектор во процесот на евроатлантски интеграции;
- стекнување знаења за капацитетите на институциите надлежни за имплементација на условите за членство во ЕУ и НАТО;
- разбирање на целите и функциите на институциите од областа на безбедноста во функција на одржување и обезбедување на националната безбедност и управувањето со кризи;

**примена на знаењето и разбирањето**

- Покажува професионален пристап кон работата.
- Покажува компетенции за идентификација на безбедносните појави и процеси, ги анализира истите и ги предвидува методите, средствата и начините на спротивставување на загрозувањето на безбедноста од различни поединци, групи и средини.
- Може да го примени знаењето и разбирањето во преземање оперативно тактички мерки и дејствија;
- Покажува компетенции да реализира криминалистичко-технички вештачења и докажувања, да применува научно-технички методи за регистрација и идентификација на лица, предмети, пронаоѓање, фиксирање и докажување на материјалните траги;
- Способност во оперативната пракса брзо да ги препознае сите индикатори од психолошка природа и успешно да ги совлада сите проблеми во конкретни ситуации (апсење, приведување, потера, нарушување на ЈРМ, граѓански немири и сл);
- способност да оценува теоретски и практични прашања и проактивно и реактивно да постапува во сузбивање на криминалитетот;
- Способност за проценка за соодветно постапување со жртвата на кривичното дело; да применат практични службени постапки на приведување, легитимирање, врзување со лисици;
- да совладуваат простор со усложнети и отежнати природни и вештачки пречки; да применат елементарни одбранбени техники на удари и блокади;
- да ги применува етичките норми и кодексот на однесување на полицијата;
- да учествува во откривањето на терористички групи; да учествува во успешно откривање, расветлување и докажување на извршени и пријавени кривични дела од општиот криминал; да ја менаџираат работата во безбедносните институции;
- да учествува во справување на акции за справување со критични настани; ги пронаоѓа најадекватните мерки за пронаоѓање, оневозможување и прибирање на материјал за докажување на истите; ги пронаоѓа и поткрепува аргументите добиени врз основа на податоците и информациите на кои за предмет на истражувања се безбедносните појави, за делување кон тие појави.

**способност за проценка**

- Преку споредувањето на податоците и информациите врши критичко оценување на резултатите, оценување на нивната веродостојност, навременост и соодветност, споредување и синтеза со веќе добиените сознанија и градење на стратегии за делување спрема тие појави;
- да биде способен да ја анализира и оценува безбедносната ситуација и да превзема мерки за заштита на виталните интереси на државата кои се нарушени од облици и извори на загрозување од внатре и од надвор;
- способност да оценува теоретски и практични прашања, да дава објаснување за причините и да избере соодветно решение.

**комуникациски вештини**

- Да биде способен да комуницира и дискутира со стручната и нестручната јавност за информации, идеи, проблеми и решенија во областа на безбедноста, кога критериумите за одлучување и опсегот на задачата се јасно дефинирани;
- да презема поделена одговорност за колективни резултати;
- способност за независно, самостојно учество, со професионален пристап, во специфични, научни и интердисциплинарни дискусии со своите колеги, пошироката околина во рамки на областите кои ја третираат безбедноста како предмет на елаборација.

**вештини на учење**

- Презема иницијатива да ги идентификува потребите за стекнување понатамошно учење на безбедносните појави и процеси, со висок степен на независност.

# ЛИСТА НА ПРЕДМЕТИ

## Семестар 1

### ***Вовед во право и уставно право (6 ЕКТС)***

Цел на предметната програма како базичен предмет од прва година на студиите е студентите да се стекнат со основни познавања за државата и правото и со основните поими, концепти, институти и институции поврзани со уставното право. Со тоа се овозможува студентите да стекнат солидна основа за совладување на останатите правни дисциплини во нивното понатамошно студирање. При тоа студентите ќе имаат можност да стекнат познавања од материја која се однесува на: организацијата на државната власт, системот на правото, поимот на устав и сите негови општи и посебни карактеристики, темелните вредности на уставниот систем на Република Македонија, како и статусот, организацијата, положбата и функционирањето на централните органи.

### ***Основи на менаџмент (6 ЕКТС)***

Целта на предметната програма Основи на менаџмент е студентите на насоката Безбедност и финансиска контрола да ги совладаат основните аспекти на менаџментот како наука за управување со сложените организациски системи,стекнувајќи се со познавања накарактеристиките, улогите и способностите кои треба да ги поседува менаџерот и обврските и одговорностите кои тој треба да ги превзема извршувајќи ги комплексните функции на менаџментот. Преку оваа програма тие треба да ги добијат потребните знаења за суштината и содржината на менаџерските функции-планирање,организирање, водење и контролирање.

### ***Маркетинг во јавен сектор (6 ЕКТС)***

Да се научат основите на маркетингот особено во јавниот сектор, со практична примена во секојдневното работење на различните бизнис субјекти.

### ***Основи на безбедноста и безбедносен систем на РМ (6 ЕКТС)***

Стекнување на потребни академски знаења во врска со безбедноста, системот на безбедноста, категоријалните концепти на безбеднбоста, изворите на загрозување на безбедноста и меѓународните аспекти на безбедноста, како предуслов за вклучување во ефективните процеси во субјектите на националната и меѓународната безбедност.

### ***Основи на економија (5 ЕКТС)***

Совладување на вештините за економско размислување и вршење анализа на економските појави со користење на определени алатки и методи; изградување на економски речник и користење на истиот за искажување на економски активности

### ***Статистика (5 ЕКТС)***

Изложениот материјал во оваа предметна програма на идните дипломци ќе импослужи со испех да ја извршуваат својата работа. Ќе стекнат знаење од безбедносната и финансиската статистика, и на тој начин полесно ќе се реализираат како стручнаци од безбедноста и финансиската контрола во праксата

### ***Стопанска математика (5 ЕКТС)***

Запознавање со основните поими на стопанската математика

### ***Информациони технологии (5 ЕКТС)***

Учење на теоретските основи на информационите технологии
Добивање способности за работа со апликации од MS Office програмскиот пакет

### ***Економика на претпријатија (5 ЕКТС)***

Целта на оваа предметна програма е студентите да стекнат знаења од економиката на претпријатијата, да се запознаат со економските аспекти од раaботењето на претпријатијата, вложувањата, резултатите и самото работење.

## ***Семестар 2***

### ***Основи на сметководство (6 ЕКТС)***

По изучувањето на овој предмет, студентите треба да располагаат со следните области на знаења :

- Да се запознаат со основите на сметководството
- Да се запознаат со основите на двојното книговодство и основните сметководствени категории и начините на нивното сметководствено евидентирање.
- Да ги разбираат начините на составување на финансиските извештаи и нивните цели
- Да научат соодветно да ги читаат финансиските извештаи и да ја анализираат состојбата на претпријатијата според нив.

### ***Вовед во криминалистика и криминалистичка тактика (6 ЕКТС)***

Способност за идентификување, формулирање и решавање основни проблеми во полето криминалистиката преку употреба на постоечки методи.

### ***Кривично право (6 ЕКТС)***

Развиток на кривичното право, Начело на законитост, Просторно важење на македонското кривично право, Поим и елементи на кривично дело, Субјекти на кривичното дело, Човеково поведение, Причиност, Вина, разграничување меѓу подготвителни дејствија и обид, Учество на повеќе лица во извршување кривично дело, Амнестија и помилување, Конфискација, ппосебните кривични дела.

### ***Фискален систем (6 ЕКТС)***

По изучувањето на овој предмет, студентите треба да располагаат со следните области на знаења :

- Да се запознат со поимот јавни финансии и кои се нивните функции
- Подетално да стекнат знаења од областа на јавните расходи и приходи

***Безбедност во приватен сектор (5 ЕКТС)***

- Запознавање со основите на потсистемот на приватната безбедност како дел од интегралниот безбедносен систем, неговата положба, улога и функција
- Усвојување на потребните знаења за успешно препознавање и делување во пречувањето, сузбивањето и намалувањето на сите можни аномалии во работењето на секторот на приватната безбедност, односно, приватизирањето на безбедноста
- Совладување на научните сознанија од областа на приватната безбедност во функција на успешно работење во овој сектор, создавање и одржување поволна безбедносна состојба, изградба на стабилен безбедносен систем и водење успешна безбедносна политика

***Меѓународна трговија (5 ЕКТС)***

Цел на проучување на овој предмет е студентите да се стекнат со знаења за функционалната поврзаност помеѓу надворешната трговија и економскиот раст и развој на националните економии, во теоријата и практиката, како и прашањата за инволвираноста на државата во оваа сфера на економското живеење.

Задача на изучување на овој предмет е проучување на теоретските аспекти на меѓународната трговија – текови и политика, како и надворешно-трговското работење. Обавувањето на дејноста меѓународна трговија претставува мошне сложена активност, што изнудува висок степен на знаење и умешност при склучување на надворешно-трговските работи се со цел да се минимизираат ризиците при  нивната реализација.

***Еколошка криминалистика (5 ЕКТС)***

Основната цел на предметот е студентите да се стекнат со основни и напредни знаења за методиката на истражување на еколошкиот криминалитет (националното законодавство, кривичните дела), нагледните средства, постапувањето на надлежните државни органи и друго. Една од целите е и запознавање со криминогените фактори на овој вид на криминалитет и запознавање со превентивната дејност.

***Банкарско работење (5 ЕКТС)***

Стартната точка и цел во анализата која се обработува во предметната програма се однесува на разграничувањето на основните поими како што се  банки, банкарски работи, централна банка, монетарна самостојност и стабилност, перење пари, поврзани субјекти, ризици во банкарското работење и др. Но, во обидот за нивно теоретско разграничување се доаѓа до тезата дека нивното појмовното определување и соодветно класифицирање е апсолутно недоволно во надминувањето на бариерите во деловното работење на стопанските субјекти и животот на обичните луѓе а кои произлегуваат од неизвесностите кои ги содржи иднината и дека главната цел и мотив на нивното проучувањето е да се пронајдат начини тие соодветно да се третираат, т.е. да се управува со нив.

***Финансиски систем и политика (5 ЕКТС)***

По изучувањето на овој предмет, студентите треба да располагаат со следните области на знаења :

- Да ги разбираат функциите на финансискиот систем, финансиските иновации, како и ефикасноста на финансиските пазари.
- Да ги познаваат карактеристиките и видовите на различни финансиски инструменти (обврзници,акции,штедни влогови, заеми, финансиски деривати, итн.). Истовремено,да ги разбираат принципите на вреднување на финансиските инструменти, односно основните фактори од кои зависи одлуката на инвеститорот во кој од поголемиот број финансиски инструменти ќе ги вложи своите пари.
- Да ги научат целите и формите на регулација на финансиските пазари и институции, моделите на регулација, како и финансиската регулација во Република Македонија.
- Да ги познаваат видовите и карактеристиките на финансиските пазари, нивните сличности и разлики, како и видовите финансиски инструменти со кои се тргува на одделните пазари.
- Да ги познаваат видовите и карактеристиките на различните финансиски институции,како и причините поради кои некои од нив (на пример банките) се пораспространети од другите.

## ***Семестар 3***

***Финансиско сметководство (6 ЕКТС)***

По изучувањето на овој предмет, студентите треба да располагаат со следните области на знаења :

- Да ги познаваат основните сметководствени категории и начините на нивното сметководствено евидентирање.
- Да ги разбираат функциите на финансиското сметководство и неговата ефикасност.
- Да ги научат начините на составување на финансиските извештаи и нивните цели.
- Да научат соодветно да ги читаат финансиските извештаи и да ја анализираат состојбата на претпријатијата според нив.
- Да ги познаваат видовите и карактеристиките на сметководствените системи, нивните сличности и разлики

***Даночно работење (6 ЕКТС)***

По изучувањето на овој предмет, студентите треба да располагаат со следните области на знаења :

- Да се запознаат со основите на даночното работење
- Да се запознаат со основните видови на даноци во Р.М и начинот на нивна пресметка
- Да се утврди начинот на оданочување на доходот на граѓаните
- Уредување на начинот на оданочување на добивката
- Да се укаже на важноста и начинот на пресметка на Данокот на додадена вредност

***Управно право (6 ЕКТС)***

Цели на предметната програма: стекнување на општи знаења од управното право, управната и прекршочната постапка и управниот спор

***Менаџмент на човечки ресурси (6 ЕКТС)***

Да се сфати улогата и значењето на човечките ресурси како основна компетитивна предност во современите услови на стопанисување

***Деловен англиски јазик 1 (5 ЕКТС)***

Надградба на претходно стекнатите знаења по англиски јазик со содржини од областа на безбедноста и деловната комуникација.
Развивање на четирите јазични вештини (зборување, читање, пишување и слушање) преку текстови и вежби на теми од областа на безбедноста и деловната комуникација.
Продлабочување на знаењата од граматиката преку обработка на текстови и вежби на теми поврзани со идната професија на студентите.
Развивање на јазичните функции и оспособување на студентите за употреба на јазикот во различни контексти важни за струката.

***Компјутерски криминал (5 ЕКТС)***

Стекнување со знаења за компјутерскиот криминалитет, неговите криминолошки и криминалистички карактеристики, појавните облици и форми, вештини на препознавање, откривање и докажување на компјутерски кривични дела и обезбедување на електронски докази применливи за правосудниот систем.

***Социјална патологија (5 ЕКТС)***

- Запознавање со основите на социјалната патологија, социопатолошките однесувања и општествената реакција
- Усвојување на потребните знаења за успешно препознавање и делување во превенирањето на социопатолошките појави
- Совладување на научните сознанија од областа на социопатологијата во функција на создавање поволна безбедносна состојба, изградба на стабилен безбедносен систем и водење успешна социјална политика како дел од безбедносната политика

## ***Семестар 4***

***Кривично процесно право (6 ЕКТС)***

Запознавање со процесните институти и норми, со принципите врз кои се темели кривичната постапка и нејзиниот тек.
Стекнување на продлабочени знаења за полициските овластувања во претходната постапка.
Почитување на правните процедури и стандарди востановени со Уставот на РМ и меѓународните инстументи за правата на човекот.

***Криминологија (6 ЕКТС)***

**Целта на криминологијата** е проучување на феноменолошките карактеристики и причините на криминалитетот како масовна општетсвена појава и на криминалното однесување како поединечна појава. Оттука, во рамките на криминологијата се издвојуваат две области на проучување: криминална феноменологија (појавни облици, обем, структура, структурални

промени, динамика, просторна и временска распространетост на криминалитетот) и криминална етиологија (корени, причини, услови и поводи на криминалитетот и криминалното однесување).

***Царинско работење (6 ЕКТС)***

Цел на овој предмет е студентите да се стекнат со теоретски и практичнизнаења од областа на царинското работење, употреба и контрола на царинските документи при царински постапки.

***Перење пари (6 ЕКТС)***

Целта на оваа предметна програма е студентите да се запознаат со феноменот перење пари кој како проблем предизвикува големи последици како по националната така и по меѓународната економија доколку не се решава на адекватен начин, а од друга страна како проблем може да доведе до поткопување на демократските институции и злоупотреба на економскиот систем. Преку овој предмет студентите ќе се стекнат со знаење со фазите, методите и техниките на перење пари, како и типологиите преку кои ќе можат да препознаат случај на перење пари и да постапат кон решавање на истиот. Студентите ќе се стекнат со знаења и вештини за идентификација на криминални приноси кои потекнуваат од било кое казниво дело и се предмет на перење пари, фазите на перење пари и функционирање на системот за спречување на перењето пари во РМ, меѓуинституционалната соработка на law enforcement agencies, меѓународната соработка во функција на водење на финансиски истраги со цел обезбедување и конфискација на криминалните приноси и имот.

***Економска криминалистика (5 ЕКТС)***

Основната цел на предметот е студентите да се стекнат со основни и напредни знаења за економската криминалистика, битните обележја на економската криминалистика, карактеристиките на економскиот криминалитет итн.

***Меѓународен тероризам (5 ЕКТС)***

Способност за прибирање, анализирање и презентирање информации преку употреба на постоечки методи.

***Организиран криминал и корупција (5ЕКТС)***

Овој предмет има за цел да им овозможи на студентите да се запознаат со поимното дефинирање, етиологијата и феноменологијата на мултидимензионалната природа на организираниот криминал и корупцијата. Оспособеност за разграничување на разните типови на организиран криминал, детектирање на карактеристиките на организираниот криминал кој е карактеристичен за Република Македонија. Совладување на методите и средствата кои се карактеристични за расфетлување на кривичните дела од областа на организираниот криминал, Националната и меѓународната законска регулатива во справување со организираниот криминал. Институции надлежни за справување со организираниот криминал.

***Деловен англиски јазик 2 (5 ЕКТС)***

Надградба на претходно стекнатите знаења по англиски јазик со содржини од областа на безбедностаи деловната комуникација.
Развивање на четирите јазични вештини (зборување, читање, пишување и слушање) преку текстови и вежби на теми од областа на безбедноста и деловната комуникација.
Продлабочување на знаењата од граматиката преку обработка на текстови и вежби на теми поврзани со идната професија на студентите.
Развивање на јазичните функции и оспособување на студентите за употреба на јазикот во различни контексти важни за струката.

***Односи со јавноста (5 ЕКТС)***

Целта е студентите да се запознаат со теориските основи на односите со јавноста и можностите за практично дејствување на ПР во современите компании, државни институции, политички партии, невладиниот сектор и др. Преку предавањата и вежбите студентите ќе се оспособат да ги организираат Односите со јавноста и да бидат креатори на овој модел на комуникација во сите наведени институции

***Семестар 5***

***Меѓународни односи со меѓународна соработка (6 ЕКТС)***

Цели на предметната програма се студентот дасе стекне со следниве компетенции:

- Да биде во можност (критички) да ги анализира различните облици на однесување на државите и другите меѓународни субјекти на меѓународен план,
- Да може да ги проучува основните тенденции на меѓународниото делување и да ги согледа перспективите на таквото делување (особено во областа на безбедноста)
- Да може да ја разбере улогата и одговорноста на меѓународните полициски и други организации кои го спроведуваат законот и да учествува во работата на истите

***Методика на истражување на финансиски криминал (6 ЕКТС)***

Стекнување знаења од областа на финансискиот криминал преку изучување на појавните облици и форми на финансиски криминал, процесот на откривање, расветлување и докажување на финансиски криминал и идентификација на сторителите и нивните својства кои произлегуваат од вршење на дејност или должност, како и идентификација, обезбедување, замрзнување и конфискација на криминалните приноси и методи на утврдување на нивниот вид и висина.

***Методика на истражување на организиран криминал (6 ЕКТС)***

Стекнување на основни знаења за кривичните дела од областа на организираниот криминал, за нивните појавни форми, облиците во кои се пројавуваат и начините на справување со истите. Преку тоа истите ќе бидат способни низ процесот на нивното интегрирање во општествените текови да помогнат во разграничување на облиците од класичниот криминалитет и облици на организираниот криминалитет. Оспособеност за изнаоѓање и преземање на најсоодветните методи и средства за расфетлување на тој тип на кривични дела.

***Платни системи (6 ЕКТС)***

Да се совлада вештината и техниката на платниот промет како дел од финансискиот систем, односно меѓународните финансии, и тоа интегрално – и внатрешниот и меѓународниот платен промет, односно платните системи кои институционално и функционално ги овозможуваат истите.

***Превенција на криминалитет (6 ЕКТС)***

Запознавање со научно – теоретските и нормативни основи , обезбедување добра теоретска база за анализа на превенцијата и превентивните активности за спречување на криминалот,

***Психологија на комуникација и разузнавачки анализи (6 ЕКТС)***

Стекнување на теоретски и практични знаења од психологија на комуникација за потребите на криминалистичката работа; запознавање со различни видови на комуникација (невербална, вербална, социјална и деловна); препознавање и разбирање на комуникација со различни категории на граѓани; оспособување за користење на ефективна комуникација (воспоставување контакт, активно слушање, техника на комуникација со која се избегнува конфликт и постигнува соработка); оспособување за разбирање на конфликтите и нивното совладување; запознавање со техниката на водење на разговор- интервју и усвојување на правила за водење на разговор со осомничениот и со сведокот; усвојување на правилата за водење на разговор со жртва на кривично дело на начин кој нема дополнително да ја трауматизира; усвојување на правилата за водење на разговор со припадниците на ранливи групи (деца, стари лица, жени, менатално болни, лица со посебни потреби).
Во делот на разузнавачки анализи студентите треба да овладеат со потребни знаења за изготвување на документи од разузнавачки карактер со цел да ги примената тие знаења во практиката во соодветните службо во рамките дна безбедносен систем.

***Интерна и екстерна контрола (6 ЕКТС)***

Да се запознаат студентите со системите и методите на интерната и екстерната контрола во работењето на деловните субјекти во Р. Македонија.

***Криминалистичка методика (6 ЕКТС)***

Се изучуваат современите форми на криминалитет. Со тоа студентот, преку стекнување на основните сознанија во врска со видовите на кривичните дела, (крвни деликти, измами, разбојништва, кражби, уцени, и др) како и со надградбата со проблематиката која се однесува на начините на извршување на кривичните дела, ќе се здобие со доволно стручни знаења и искуство за да може оперативно, во целина и ефикасно, да работи во ОВР и други соодветни институции на откривањето и докажувањето на кривични дела.

## ***Семестар 6***

### ***Финансиска контрола и ревизија (6 ЕКТС)***

Да се запознаат студентите со основните на финансиската контрола и ревизијата на финансиските извештаи.

### ***Криминалистичка психологија (6 ЕКТС)***

Едукација и доедукација на стручни кадри со цел градење знаења, методи и научно поткепени толкувања за криминогеното однесување на индивидуите, односно за престапништвото и злосторничкиот чин, причините, текот и последиците од истиот.

### ***Криминалистичка техника (6 ЕКТС)***

Запознавање и оспособување на студентите со стручни и научни сознанија, методи и техники од областа на: криминалистичката идентификација и регистрација и истраги на место на настан. Стекнување на вештини за обезбедување на материјални траги и нивно соодветно вештачење.

### ***Меѓународен патнички промет (5 ЕКТС)***

Запознавање на студентите со основните карактеристики на меѓународниот патнички промет, обемот, динамиката, тенденциите, регионалната дистрибуција, структурата, емитивни и рецепштивни региони, патни правци и коридори и регулирање на меѓународниот патнички промет.

### ***Заштита на културно наследство (5 ЕКТС)***

Да ги запознае студентите со културното наследство и начините за негова заштита. Една од целите ќе биде да се посочат моделите на конверзија на културните вредности во економски вредности. Главниот акцент ќе биде ставен на делот на спречување на недозволени дејствија поврзани со културното наследство. Во тој контекст ќе се разработува улогата на царинската служба во делот на заштитата, пред сé преку спречување на недозволената трговија со него.

### ***Меѓународни стандарди во транспорт на стока (5 ЕКТС)***

Целта на предметот е студентите да се запознаат и да научат да манипулираат со стоките кои треба да се транспортираат според меѓународните стандарди. Треба да ги знаат основните карактеристики, производството, примената и транспортот на истите според меѓународните стандарди за транспорт на стока

### ***Криминалистичко разузнавање (5 ЕКТС)***

Способност за прибирање, анализирање и презентирање информации преку употреба на постоечки методи.